Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 17-2431/3

13.03.2020 година

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008 и 51/2011) и член 77[1] и член 78[2] од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 24/19) и други подзаконски акти, како и согласно Планот за јавни набавки бр. 20-1226/1 од 30-01-2019 год., Министерот за здравство ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за отпочнување на постапка за јавна набавка набавка на стоки,:
Реагенси и потрошен материјал (китови)за 1000 пациенти за вирус COVID19 [3]

1. Се утврдува потреба од јавна набавка на стоки, со предмет на набавка: .
Реагенси и потрошен материјал (китови)за 1000 пациенти за вирус COVID19
и тоа:

| ДЕЛ | ОПИС НА БАРАНОТО | *Един мерка* | *количина* |
|---|---|---|---|
| ДЕЛ 1 | QiAmp Viral RNA Mini Kit (1/250 во кит) | кит | 4 |
| ДЕЛ 2 | Прајмери/Проби ( специфични за Е и RdRp гените од COVID19) (40nmol) | сет | 4 |
| ДЕЛ 3 | Copan 3mL UTM with 2 regular regular swaps 1/50 | пакование | 10 |
| ДЕЛ 4 | Ag –Path –ID One Step KT-PCR ( кит за 1000 реакции) | пакование | 1 |

2. Вкупната проценета вредност на набавката од точка 1 од оваа Одлука изнесува 1.200.000.00 денари без вклучен ДДВ, односно 1.416.000.00. денари со вклучен ДДВ (5% ). Средствата за набавката се обезбедуваат од Буџетото на РСМ.

[1] Одлука за ЈН

[2] Оформување на ЈН во делови

[3] Предмет на набавка


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

3. Набавката од точка 1 од оваа Одлука ќе се изврши со спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас согласно член 55 став 1 точка г [4] од Законот за јавни набавки и по целосна првична евалуација на пристигнатите понуди ќе се спроведе преговарање , согласно Законот за јавни набавки.

4. Критериум за избор на најповолна понуда ќе биде најниска цена[5].

5. Оваа постапка за јавна набавка ќе ја спроведе:
   Комисијата во состав:
   1. Вања Андонова (претседател)
   2. Тања Пехчевска (член)
   3. Симона Костадинова(член)

   Заменици на Комисијата за јавни набавки во состав:
   1. Александар Вељановски (заменик претседател)
   2. Маргарита Постолова (заменик член)
   3. Воислав Поповски (заменик член

   согласно член 79[6] став 1 од Законот за јавни набавки.

6. По конечноста на одлуката за избор на најповолна понуда, со избраниот носител на набавка ќе се склучи договор за јавна набавка на стоки [7] за период од 3 месеци односно до исцрпување на количините.

7. За реализација на договорот по извршената јавна набавка се задолжува лицето Маја Кузмановска- Институт за јавно здравје на РСМ

8. Во оваа постапка како стручни лице ќе биде вклучени: Маја Кузмановска- Институт за јавно здравје на РСМ. за учество во дефинирање на техничките спецификации, и условите за квалитетен избор на економските оператори од тендерската документација) како и евалуација на пристигнатите понуди согласно дефинираните услови.

9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

---

[4] Отворена постапка над 70.000Е за стоки и услуги и над 500.000Е за Работи

[5] Член 99 Критериум за избор на најповолна понуда

[6] Надлежности на комисијата

[7] Времетраење на договорот за ЈН


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Извадокот од Нацрт – записникот од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2020 година во „ТОЧКА 3 по задолжување на Владата да Министерството за здравство да обезбеди/пренамени средства за потребната медицинска опрема за итна јавна набавка и тоа во точка :4. реагенси и потрошен материјал (китови) за 1000 пациенти.

За таа цел, како надлежно тело за спроведување на постапки за јавни набавки, а во врска со потребата од преземање на дополнителни и заострени мерки и активности за превенција од ширење на корона вирусот COVID19 и насоките на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи и на препораките на Комисијата за заразни болести на Министерството за здравство, Ве молиме да дадете позитивно мислење по однос на потребата од јавна набавка за изборот на постапката со преговање без објавување на јавен оглас за набавка на реагенси и потрошен материјал (китови) за 1000 пациенти.

За таа цел Министерството за здравство на РСМ поднесе барање до Бирото за јавни набавки за давање на мислење за отпочнување на постапка за набавка со преговарање без претходно објавување на оглас. За истото од страна на Бирото за јавни набавки добиено е позитивно мислење за спроведување на постапката број 18-539/2 од 12/03/2020 година.

Министер

Доц. Д-р Венко Филипче

........................

Изготвил:Тања Пехчевска

Одобрил:Вања Андонова


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk